Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски бр. 10-713/2
Дата:

17-10-2025

До:
Институт за европска политика – Скопје
Ул.„Антоние Грубишиќ" 2/2
1000 Скопје

Одговор по доставени прашања согласно Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер

Почитувани,

Согласно вашето Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, заведено со наш арх. бр. 10-713/, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД)ви ги дава следниве одговори:

**Број на доставени претставки и број на отворени предмети по службена должност во периодот од 01.01.2025 до 30.09.2025 година.**

Во периодот од 01.01.2025 до 30.09.2025 година до Комисијата се доставени 319 претставки и отворени се 4 предмети за заштита од дискриминација по службена должност.

**Број на вкупно донесени одлуки за периодот 01.01.2025 до 30.09.2025 година.**

Во извештајниот период Комисијата донесе вкупно 229 одлуки по поднесени претставки и предмети отворени по службена должност. Од нив, 156 се однесуваат на предмети отворени во 2025 година, а останатите 73 одлуки се за предмети отворени во претходната 2024 година, а чија постапка продолжила во тековната година.

Со донесените 229 одлуки завршени се вкупно 261 претставки, а бројот на одлуки е помал од бројот на претставки поради спојување на дел од нив во една постапка.

**Број на случаи и области во кои е утврдена дискриминација во периодот 01.01.2025 до 30.09.2025 година.**

Во извештајниот период донесени се 45 мислења на Комисијата со кои се утврди дискриминација и тоа во следните области:

- 24 случаи во областа на работата и работните односи
- 5 случаи во областа на образование, наука и спорт
- 4 случаи во областа на пристапот до добра и услуги
- 3 случаи во областа на јавно информирање и медиуми (социјални мрежи)
- 2 случаи во областа на здравствената заштита
- 1 случај во областа на културата
- 1 случај во областа на домување
- 1 случај во друга област: остварување на правото на надоместок заради попреченост

Во дел од случаите Комисијата утврди дискриминација во две области:

- 2 случаи во областа на образование, наука и спорт и областа пристап до добра и услуги
- 1 случај во областа на работата и работните односи и во областа пристап до добра и услуги
- 1 случај во областа на домување и пристап до добра и услуги и инфраструктура

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Република Северна Македонија

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

**Број на случаи во кои не е утврдена дискриминација за периодот 01.01.2025 до 30.09.2025 година**
**Во извештајниот период Комисијата донесе 54 мислења со кои не се утврди дискриминација.**

**Број на случаи кои биле отфрлени, односно не се постапувало по нив или била запрена постапката за периодот 01.01.2025 до 30.09.2025 година.**

Во извештајниот период Комисијата **отфрли**, односно донесе заклучок за непостапување или запирање на постапката по вкупно 130 предмети.

Флора Кадриу
Заменик претседател

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk